**20242083573**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување по претставки и предлози,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 2 октомври 2024 година.

Бр. 08-4708/1
2 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ

Член 1

Во Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија“ број 82/2008, 56/2009, 13/13, 156/15 и 193/15), во членот 1 зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Во членот 13 зборовите: „Министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за јавна администрација“.

Член 3

Во членот 18 зборовите: „на Република Македонија“ се бришат.

Член 4

Во член 19 во ставот (2) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „Министерството за јавна администрација”.

Во ставот (3) зборовите: „Министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за јавна администрација“.

Член 5

Во членот 20 зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „Министерството за јавна администрација”.

Член 6

Во член 21 во ставот (1) зборовите: „од 500 до 1.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „од 250 до 500 евра“.

Во ставот (2) зборовите: „од 500 до 1.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „од 250 до 500 евра“, а зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „Министерството за јавна администрација”.

Во ставот (3) во воведната реченица зборовите: „од 300 до 600 евра“ се заменуваат со зборовите: „од 250 до 500 евра“.

Член 7

Во член 21-а во ставот (1) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „пред да поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.”.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Во евиденцијата од ставот (2) на овој член, се собираат, обработуваат и чуваат податоците за постапката за издавање на прекршочен платен налог (реден број, број и датум на записник за прекршок и правна квалификација на прекршокот), податоци за сторителот на прекршокот (име и презиме или назив на сторител, адреса/седиште на сторителот и матичен број/ЕДБ на сторителот (за странец се запишува број на патна исправа) и за постапката за извршување (број и датум на платен налог; износ на глоба (во евра); рок за доброволно плаќање на глоба; наплата на глоба (да/не) и датум на поднесено барање за поведување на прекршочна постапка).”.

Во ставот (5) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „министерот за јавна администрација”.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.